Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
Филолошки факултет "Блаже Конески"
СКОПЈЕ
Примено: 03-03-2023
Орг. Един. 08 | Број: 89/5 | Прилог: | Вредност:

До Деканатот на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ –Скопје

На 84. редовна седница на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје одржана на 15.02. 2023 година, а врз основа на член 70 од Статутот на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, член 110 и 163 од Законот за високо образование, член 53 од Правилникот за посебни услови и постапка за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ беше донесена Одлука бр. 08-89/2 за утврдување на потреба од демонстратор за студиска програма по англиски јазик и книжевност по предметот Англиска книжевност 4 (0+2) во летниот семестар во академската 2022/2023 година, а едновремено, на предлог на Катедрата за англиски јазик и книжевност, се формира и се одобри и комисија за избор во состав:

1. Проф. д-р Милан Дамјаноски
2. Проф. д-р Рајна Кошка Хот
3. Проф. д-р Калина Малеска

На интерниот оглас распишан од деканот на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ за избор на еден демонстратор за студиска програма по англиски јазик и книжевност по предметот Англиска книжевност 4 (0+4) во летниот семестар во академската 2022/2023 во предвидениот рок се пријави еден кандидат: Санберк Јусуф (пријава заведена под број 08-364/1)

Откако членовите на комисијата ја разгледаа приложената документација на кандидатот Санберк Јусуф, на Наставно-научниот совет го поднесуваат следниов извештај:

# И З В Е Ш Т А Ј

Врз основа на горенаведените законски одредби (Законот за високо образование и Правилникот за посебни услови и постапка за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“), откако ги разгледа поднесените документи од кандидатот Санберк Јусуф пријавен на интерниот конкурс, комисијата заклучи дека тој ги исполнува сите наведени посебни услови и критериуми.

Кандидатот Санберк Јусуф е редовен студент на третиот циклус студии – Наука за книжевност - Англиска книжевност, запишан во акад. 2021/2022 г.

Претходно, дипломирал во декември, 2016 година на додипломските студии, односно прв циклус академски студии по англиски јазик и книжевност (наставна насока), со висока просечна оценка 9,47, со што се стекнал со назив дипломиран професор по англиски јазик и книжевност. Во текот на студиите (2013-2016 г.) е примател на стипендија за студенти кои постигнале особено висок успех во учењето од страна на Министерството за образование и наука.

Потоа, во акад. 2017/18 година се запишал на втор циклус студии, Наука за книжевност – Англиска книжевност, при што во декември, 2020 година го брани магистерскиот труд со наслов „Модернистичките елементи во поезијата на Езра Паунд и Орхан Вели Каник“. Во акад. 2021/2022 година се запишува на третиот циклус студии – Наука за книжевност - Англиска книжевност, со што ја продолжува својата академска надградба во областа на англиската книжевност.

Неговата волонтерска работа е во доменот на интересот за англискиот јазик и книжевноста воопшто. Тоа што се истакнува е неговата работа како волонтер на меѓународната конференција ESIDRP одржана 2016 година во организација на Катедрата за англиски јазик и книжевност, Филолошки факултет „Блаже Конески“ Скопје. Од особено значење е, секако, неговото искуство и надградба во наставата. Во тој контекст би сакале да го нагласиме фактот дека кандидатот Санберк Јусуф на додипломските студии дипломирал на наставната насока, а по предметите од областа на методиката добил највисоки оценки. Јусуф, исто така, има искуство и со држење часови на прв циклус студии, и тоа од областа книжевност. Во летниот семестар во 2021/22 година, тој бил ангажиран како демонстратор на Катедрата за англиски јазик и книжевност при што ги држи вежбите по предметот Англиска книжевност 4 (поезија). Почнувајќи од учебната 2017/18 година е вработен како наставник по англиски јазик во ОУ „Тефејуз“ – Скопје, каде што предава англиски јазик од 6. до 9. одделение. Во рамките на своето професионално надградување како наставник, Јусуф учествува на ELT работилница организирана од страна на Катедрата за настава по англиски јазик при Балканскиот универзитет во 2020 г.

Понатаму, има учествувано и презентирано на повеќе конференции меѓу кои се истакнуваат меѓународната конференција ESIDRP одржана 2016 година во организација на Катедрата за англиски јазик и книжевност, Четвртата меѓународна конференција на

преведувачи и толкувачи на ЗПРМ во октомври 2016 година, како и меѓународниот симпозиум „40 години од основањето на Катедрата за турски јазик и книжевност“ во 2017 г. При тоа, неговиот труд “Successful Learner Research” е објавен во Зборникот на меѓународната конференција ESIDRP во 2017 г .

Санберк Јусуф, исто така, се занимава со книжевен и стручен превод од англиски јазик, при што треба да се истакне фактот дека е добитник на наградата за најдобар млад преведувач „Вавилон“ во 2016 година, организиран од страна на Европската унија и Здружението на преведувачи на Република Македонија. Наградениот превод на извадок од романот “Grief is the Things with Feathers” од Макс Портер е објавен во списанието за култура и уметност „Културен живот“ во 2016 г. Конечно, Санберк Јусуф е овластен судски преведувач, при што во таа функција е ангажиран во периодот 2014-2017 година од страна на преведувачкото биро „Форум Лингва“.

Имајќи ги предвид наведените академски, стручни, професионални и апликативни активности и квалификации на кандидатот Санберк Јусуф, вложениот труд во стручна надградба и високата просечна оценка на додипломските студии коишто укажуваат на професионален однос и одговорност, комисијата констатира дека Санберк Јусуф ги исполнува сите услови предвидени со Законот за високо образование и Правилникот за посебни услови и постапка за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ и затоа има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје да го избере кандидатот Санберк Јусуф за демонстратор по предметот Англиска книжевност 4 на Катедрата за англиски јазик и книжевност во летниот семестар во академската 2022/2023 година.

Комисија за избор на демонстратор:

проф.д-р Милан Дамјаноски

проф. д-р Рајна Кошка-Хот

проф. д-р Калина Малеска